РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 22 | | |

443

( Образец ПП……)

**До:** Лица задолжени за информации од јавен карактер
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: 1 прашањата се на страна 2 →

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во** Бла, 29.01 **202**5 **година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

1. Да ми се доставаат информации за тоа колку нови вработувања има во периодот 01.01.2024 - 29.01.2025 година.

2. Колку од нив се ангажирани преку агенција за вработување, колку со договор ~~на~~ дело, колку на неопределено работно време.

3. За кои работни позиции се ангажирани: помлади соработници, соработници, советници, референти, хигиеничари, [illegible] ....

4.

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Лорета Цуцулеска

Бр.11-22/2
30.01.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-22/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Одделение за човечки ресурси**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 07-02-2025
Организациона единица | Број | Прилог | Вред
11-22/3

Бр.04-18/2 од 04.02.2025 год

До

-Лице задолжено за пристап до информации на јавен карактер

Предмет: Одговор
Врска Ваш бр.11-22 од 30.01.2025 година

Во врска со Вашето барање под горе навѐдениот број и дата, Ве известувам за следното:

Во Општина Битола почнувајки за периодот од 01.01.2024 – 29.01.2025 година се вработени 12 лица на неопределено време и 1 лице на определено време.
По звања/нивоа иститe се: Советник 6, Виш соработник 1, Соработник 1, Помлад соработник 3, и Референт 1.
На определено време вработениот е по звање/ниво: Референт 1.
Преку ПАВ се ангажирани 19 лица на работни позиции кој одговаараат на звање / ниво: Советник 4, Соработник 1, Помлад соработник 7, Самостоен референт 2, Виш референт 1, Курир 2, Хигиеничар 1, Дактилоработник 1.
Договор за дело склучени по месеци: 01,02,03,04,05, 2024 година 2 договори месечно 06/2024 година 1 договор, 07 и 08.2024 година 3 договори месечно, 09,10,11,12 2024 година и 01/2025 година 2 договори месечно.

Со почит,

Раководител на
одделение за човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-22/4
07.02.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **29.01.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-22** од **29.01.2025 година**, каде бара информација за тоа колку нови вработувања има во периодот од 01.01.2024 до 29.01.2025 година, колку од нив се ангажирани преку агенција за вработување, колку со договор на дело и колку се на неопределено работно време, како и за кои работни позиции се ангажирани.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-22 на ден 29.01.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација за тоа колку нови вработувања има во периодот од 01.01.2024 до 29.01.2025 година, колку од нив се ангажирани преку агенција за вработување, колку со договор на дело и колку се на неопределено работно време, како и за кои работни позиции се ангажирани.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-22/1 од 29.01.2025
2.Допис до Лорета Цуцлеска со бр.11-22/2 од 30.01.2025
3.Одговор од Одделение за човечки ресурси со бр.11-22/3 од 07.02.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 07.02.2025 година, под бр. 11-22/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА